Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 27.10.2020

На 26.10.2020 во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" бил донесен И.Л.(26) од с.Смесница, кој се здобил со тешки телесни повреди при работа во с.Зелениково. На местото на настанот излегле полициски службеници од Полициска станица Драчево, а известен е и Трудов инспектор.

На 26.10.2020 во 10.50 часот било пријавено дека во Битола, при вршење на ископ кај старата трибина од стадионот под „Тумбе Кафе", во правец кон старата касарна, биле пронајдени стари артилериски гранати калибар 75 мм од Првата светска војна. Од страна на Дирекцијата за заштита и спасување, подрачна единица Битола, истите биле безбедно подигнати за понатамошна постапка.

На 26.10.2020 во 17.20 часот во Полициската станица Центар, В.Ѓ.(55) од Скопје пријавила дека на кеј „13 Ноември" била касната од куче скитник.

На 26.10.2020 во 16.45 часот во Полициската станица Драчево, Л.М.(28) од Скопје пријавила дека на ул.„Бранко Заревски" била касната од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.М. (45) од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 29.05.2020 во Охрид, на ул. „Васил Стефоски" на паркинг пред хотел, полициски службеници, при преглед на Н.М и неговото паркирано патничко возило „бмв", пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Н.А. (36) од с.Доброште, тетовско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „измама". На 13.08.2019, И.К. од с.Радолишта, струшко, направил усмен договор со пријавеното лице за изработка на мебел, за што на пријавениот, по негово барање, во неколку наврати му биле уплаќани парични средства. Бидејќи поминало подолго време од договорот, а пријавениот не одговарал на телефонските повици, И.К. сфатил дека е измамен, при што му била причинета материјална штета од 335.500 денари.

На 26.10.2020 во 09.50 часот било пријавено дека во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, во неговиот дом бил пронајден починат Б.Р.(54). Од страна на лекар била констатирана смрт, увид извршила увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

На 26.10.2020 во 11.00 часот било пријавено дека на подрачјето на Центар во фирма, едно лице со закана од вработените одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Џ.Џ.(19), М.А.(20), С.М.(30) и С.Р.(17), сите од Кочани, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 24.07.2020 во Кочани, на ул.,,С.Стојменов", пријавените насилно влегле во продавница, физички го нападнале сопственикот Д.И. и одзеле пари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Македонски Брод поднесе кривична пријава против В.С.(21) од Македонски Брод, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 06.10.2020 во Македонски Брод, на ул.„Партизанска", полициски службеници, при вршење на увид по претходно случена сообраќајна незгода, по претходна расправија, биле физички нападнати од пријавениот.

Одделение за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против Ј.З.(26) од с.Морани - Студеничани, затоа што во текот на февруари 2020, во повеќе наврати контактирал со малолетничка на социјалната мрежа „Фејсбук" со цел да оствари средба во Скопје, откако претходно ја уценувал дека ќе објави нејзини фотографии кои претходно ги добил во текот на комуникацијата преку социјалната мрежа.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.К.(45) од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 30.07.2020 во Охрид, при извршена контрола од полициски службеници, пријавената не била затекната во својот дом, со што не ја почитувала определената мерка за задолжителна изолација.

На 26.10.2020 во 16.28 часот било пријавено дека во маркет на подрачјето на Карпош едно лице со закана одзело пари од вработената. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Т.В.(46) и З.В.(30) од с.Теранци, поради постоење основано сомнение за сторени две кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 17.10.2020 во 17.20 часот во с.Теранци, во домот на пријавените, при вршење на контрола од полициски службеници, истите не биле затекнати таму и не ги почитувале издадените Решенија за изолација.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет